Економија

## ВИНАРИЈАТА "ЕЛЕНОВИ" НА ПАЗАРОТ ПЛАСИРА НОВ БРЕНД ОД СВОЈАТА "КРАЛСКА" ВИЗБА

Пишува: **Арсен КОЛЕВСКИ**



Деновиве Винаријата "Еленов" свечено ја почна сезоната на берба на грозје и во таа чест на пазарот го пласира својот најнов бренд на вино "Chateau" Демир Капија. Тоа е барик вино, кое е чувано во дабови буриња и произведено по специјална технологија. На пазарот ќе се пласираат три вида од ова вино: вранец, мерло и каберне. Од производниот асортиман на "Еленов", досега најпознат бренд на пазарот беа вината "Вила марија" со шест различни вина. Годишното производство е 4 милиони литри квалитетно вино кое, главно, се пласира во земјите на ЕУ, во САД и во Кина.

# ЕКСТРА ВИНО ПРОИЗВЕДЕНО ПО ВЕКОВЕН РЕЦЕПТ

Демиркаписката винарска визба е најстарата винарија на Балканот, изградена од кралот Александар Карaѓорѓевиќ уште во 1928 година. Експертите кои тој ги испратил во Македонија во 1927 година му советувале токму тука да ја направи својата винарска визба, каде се произведувало висококвалитетно црвено вино, наменето само за потребите на кралскиот двор во Белград.

Од 2002 година имотот е приватна сопственост на семејството Еленови. Со преминувањето во сопственост на "Агропин" од Скопје, почнува целосно реновирање и реставрирање на објектите и капацитетите, во што е вложена огромна инвестиција. Со инсталација на нова и современа технологија и производство на висококвалитетни вина, беа задоволени европските стандарди.

Покрај ова, Еленови имаат цел тоа да биде и туристичка атракција.

"Идејата ни беше со купувањето на подрумот да ја искористиме историјата и сега сакаме ова да биде туристичко место", вели Ристе Еленов, еден од сопствениците.



Она што е особено значајно, според Ристе Еленов, е одлуката да продолжат со производство на вино на традиционален начин, за што ја користат истата опрема која е функционална како и пред осум децении.

"Моментно имаме производство на повеќе од четири милиони литри вино од шест сорти, од кои пет се црвени и едно бело под брендот 'Вила Марија'", потенцира Еленов.

Еленови сфатиле дека најдобрата кампања е ако донесат туристи, па веќе создаваат услови за нивен престој.

"Во моментов се завршени две дегустациони сали. Освен поединечни посети доаѓаат организирани групи посетители, бидејќи подрумот е близу до автопатот и од Куманово до Гевгелија нема место каде луѓето да застанат и да се напијат кафе", вели Ристе Еленов.

Визбата не поседува свое лозје и работи исклучително со коопераנти. Имено, тезата е дека винарите и лозарите не се и не треба да бидат ист еснаф, зашто не значи дека оној кој знае да одгледува грозје, мора да знае и да прави вино. И обратно.

Поради историското и културното наследство, винарската визба денес е заштитен споменик на културата.